**Конкурс за Еразмус+ програма за студентска мобилност за студии и обука**

Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип врз основа на Еразмус+ универзитетски чартер бр. 256492-EPP-1-MK-EPPKA3-ECHE распишува Конкурс за Еразмус+ мобилности за академската 2017/2018 година почнувајќи од зимски семестар и тоа за:

## 1. Мобилност за студенти:

- студенти на додипломски студии – прв циклус студии, со запишан најмалку трет семестар;
- студенти на втор циклус студии;
- студенти на трет циклус студии.

Право на аплицирање имаат редовните студенти на Универзитет „Гоце Делчев". Конкурсот е отворен за 35 студентски мобилности и 3 студентски обуки (пракса).

Потребни документи за аплицирање:

- пополнет образец за студент;
- фотокопија од цел индекс;
- уверение за положени испити;
- кратка биографија;
- мотивациско писмо;
- две препораки од професори/асистенти;
- потврда за познавање на странски јазик;
- копија од сертификати.

Повеќе информации за потребните документи можат да се најдат на овој линк: http://www.ugd.edu.mk/index.php/en/erasmus-plus/erazmus-programa-na-ugd

## 2. Мобилност на наставнички кадар:

- Мобилност за наставнички кадар во високообразовните институции во ЕУ (1 недела до 5 работни дена). Мобилноста се остварува во рамки на потпишани Еразмус+ договори меѓу Универзитетот и ЕУ универзитетите.

Потребни документи:

- изјава за вработен;
- Mobility Agreement Staff Mobility For Teaching.

Повеќе информации за потребните документи можат да се најдат на овој линк:

http://www.ugd.edu.mk/index.php/en/erasmus-plus/erazmus-programa-na-ugd

Целата документација треба да биде на македонски јазик. Документите се доставуваат лично во Центарот за меѓууниверзитетска соработка (Кампус 2) или по пошта на адреса:

м-р Сања Стефанова

Универзитет „Гоце Делчев′- Штип

Центар за меѓууниверзитетска соработка

(Кампус 2)

Бул. „Крсте Мисирков‟ 10-А, п. фах 201

2000 Штип, Р. Македонија

Документите што ќе бидат поднесени електронски нема да бидат разгледувани.

**Конкурсот е отворен од 25 јануари 2017 до 27 февруари 2017 година.**